ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 02-119/18
19.02.2018 год.
КРАТОВО

# ДОГОВОР
## За сукцесивна набавка на хотелски услуги за потребите на општина Кратово за 2018 година

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кратово** со седиште на ул.„Плоштад Маршал Тито“, бр.1 Кратово претставувана од страна на Градоначалник д-р Љупчо Бојаџиев како нарачател на услугите,
2. **Друштво за услуги и трговија Хотел Силекс ДООЕЛ Кратово, ул.„Гоце Делчев“ бб Кратово односно Хотел КРАТИС** со седиште на ул. „Св. Ѓорѓи Кратовски“, бр.8 Кратово **од втора категорија со четири (4) ѕвезди** со ЕМБС: 6498060/2 претставувано од управител Тошо Чочороски, како извршител на услугите;

**Член 1**

Предмет на договорот е набавка на хотелски услуги за потребите на општина Кратово за 2018 година по следната спецификација:

| **Понудувач** | **Ноќевање со доручек без ДДВ** | **Полу пансион без ДДВ** | **Полн пансион без ДДВ** |
|---|---|---|---|
| Друштво за услуги и трговија **Хотел КРАТИС** ДООЕЛ Кратово | 1.240,оо | 1.440,оо | 1.640,оо |

Овој договор започува да важи од денот на склучувањето со важност до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот не смее да го надмине износот од **42.373,оо денари без ДДВ или 50.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ од 18%.**

**Член 3**

Набавката ќе се врши сукцесивно, зависно од потребите на општината, а нарачките ќе ги вршат овластени лица од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши врз основа на испоставена фактура во законски рок.

**Член 5**

Извршителот на услугите се обврзува услугите од член 1 од овој договор да ги извршува спрема стандардите и нормативите за извршување на таков тип на услуги, да ги исполнува НАССР стандардите и да ги извршува навремено и квалитетно.

За секоја хотелска услуга извршителот на услугите уредно доставува фактура со испратница потпшишана од страна на овластеното лице во која задолжително се повикува на бројот на договорот.

**Член 6**

Нарачателот на услугите се обврзува да обезбеди средства за плаќање на фактурираната вредност и истата да ја плати во договорениот рок.

**Член 7**

Општина Кратово нема обврска да го искористи целосниот износ од член 2.

**Член 8**

Со содржината на овој договор согласни се двете договорни страни.

**Член 9**

Се што не е предвидено со овој договор важат позитивните законски прописи кои ја регулираат соодветната материја.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни ќе го решават спогодбено, во спротивно надлежен е основниот суд во Кратово.

**Член 11**

Овој договор е составен во четири (4) еднакви примероци од кои по два за двете договорни страни.

**Изготвил:** Катерина Станковиќ

**ЗА НАРАЧАТЕЛ**
**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Градоначалник**
**д-р Љупчо Бојаџиев**

**ЗА ИЗВРШИТЕЛ**
**Хотел КРАТИС ДООЕЛ Кратово**
**Управител**
**Тошо Чочороски**

Друштво за услуги и трговија ХОТЕЛ СИЛЕКС ДООЕЛ Кратово